# Класификација
# – поделба на народните песни

**Народната песна е дел од музичкиот фолклор. Таа е тесно поврзана со животот на луѓето, нивните обичаи, празници и празнувања.**



# Обредни народни песни

**Обредните народни песни се пееле на празници, кои биле придружувани со обреди. Поделени се во неколку групи: коледарски, водичарски, додолски, лазарски, велигденски, ѓурѓовденски, свадбарски и тажачки.**

https://www.youtube.com/watch?v=wEugrifPjSI

**Черешна се од корен корнеше**

Черешна се од корен корнеше,
мома се од мајка делеше.

Проштевај мајко, проштевај,
проштевајте мили роднини.

Досега сум мајка слушала,
отсега ќе слушам свекрва.

Свекрва, свекор, јатрва,
и најмалото деверче.

# Семејни народни песни

**Во семејните песни се пее за животот на семејството и односите помеѓу членовите во семејството. Тука спаѓаат и песните што се пеат во кругот на семејството.**

https://www.youtube.com/watch?v=cpOsm2GwXMo

**Сестра кани брата за вечера**

Сестра кани брата за вечера ајде, ајде брате да вечераме. Вечерајте сестро не чекајте ме јас сум било сестро у меана.

Јало, пило сестро, сум се опило голем зулум сестро сум направило. Сум заклало еден син на мајка сега они барат крвнината.

Ајде, ајде брате да вечераме, за крвнина брате колај бива. Сестра има брате девет сина, едно сине мајка ќе прежали.

Цел'ноќ седи мајка, солзи рони кое сине мајка да прежали. Прежалила мајка најмалото, најмалото, мајка, најубавото.

# Љубовни народни песни

**Мотивите во љубовните песни се различни. Најчесто се пее за љубовта меѓу момче и девојче, за нивната прва средба, како и за пречките на кои наидуваат во љубовта.**

https://www.youtube.com/watch?v=fMMoM3zagBY

**Не кажувај либе добра ноќ**

Не кажувај либе добра нок. не оди дома рано ти,
најдобро време во нокта прекрасна ова нок за нас.
Сите спијат, ние сме сами, користи дрнги ти време,
милувај, бакнувај бескрајно волшебна нок за нас.
Јас знам дека друга љубиш ти, јас знам дека друга мамиш ти,
срцево мое за тебе, не би го дала јас на друг.
За мене пролет не развива, за мене цвеке не цути,
за мене ти си прва љубов и последна ке ми бидеш ти.

# Хумористични народни песни

**Хумористичните песни најчесто се поврзани со шегата и смеата. Во нив на духовит начин се опишуваат недостатоцитена луѓето – мрзливоста, глупоста, пијансатвото и сл. Често пати се опеваат и животните кои запаѓаат во необични ситуации.**

https://www.youtube.com/watch?v=NhdrbaRQQsk

**Зајко кокорајко**

Сторил ниет зајко, зајко кокорајко,зајко да се жени, си натресол гаќи,
упрчил мустаќи, нагрнал џамадан, море, токмо младожења.

Ми поканил зајко китени сватови: мечка месарија, вучица кумица,
ежо тупанџија, жаба зурлакија,мурџо аберџија, зајко кокорајко,
си натресол гаќи, упрчил мустаќи, нагрнал џамадан, море, токмо младожења.

Па ми појде зајко низ солунско поле, да ја зима зајко, младата невеста,
лина удовица, квачка со пилиња, селска визитарка, со китка накитена море, личи на невеста.

Кога виде зајко, до два три ловџии, ем они си носат пушки сачмајлии,
‘ртки ем загари, па ми летна зајко, назад на трагови, си искинал гаќи,
размрсил мустаќи, расфрлал џамадан, се провикна зајко, не сум младожења.

# Трудови народни песни

**Целта на овие песни е да ги стимулира, (поттикнува) луѓето кои изведуваат некаква работа. Тие настанале во процесот на трудот и затоа се викаат трудови народни песни.**

**Според видот и областа на работата овие песни се поделени на: жетварски, аргатски, овчарски, печалбарски и др.**

https://www.youtube.com/watch?v=AYKilAodOPg

**Туѓината пуста да остане**

Туѓината пуста да остане,
таја од либето ме раздели.
Таа од либето ме раздели,
што го љубев време три години.

Сите печалбари си дојдоја,
само мојето либе го нема.
Дење-ноќе на порти го чекам,
само плачам и на него мислам.

Ќе ве прашам, млади печалбари,
дали го видовте мојто либе?
Дали го видовте мојто либе
од печалба дома да си иде?

На трета година писмо прати
и ми пиши нема да се врати.
Не се враќа, друга си заљубил
и за неа тој си се оженил.

# Родољубиви народни песни

**Родољубивите народни песни настанале во различни периоди од животот на македонскиот народ.**
**Во овие песни се осудуваат поробувачите и се изразуваат патриот-ските чувства.**
**Поделени се на: ајдутски, комитски, партизански и др.**

https://www.youtube.com/watch?v=ivVGV3sjq7o

Се собрале комитите

Се собрале комитите,
ќе ми одат в Суво поле.
Напред оди војводата,
војводата Јордан Пиперка.

Ќе ми фаќаат метеризи,
ќе го чекат Алил паша,
што ја грабил руса Стојна,
руса Стојна од Мало Церско.

Проговара војводата:
- Ај да слеземе долу в Брезово,
да го венчаме Алил паша
за невеста остра сабја.

Изработил: Благој Крстевски
– наставник по музичко образование
во О.У. „Тодор Ангелевски“ Битола